| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | |
| ГЖ | 1 | 1 | 1 | 1 | | 1 | 1 | 3 | 12 | 45 | **66** |
| ТСЖ | | | | | 1 | | | 1 | 5 | 9 | **16** |
| РОЖ | | | | | | | | | | 5 | **5** |
| Р | | | | | | | | | | | **0** |

**Вкупно постари од 2 години во граѓански оддел: 87**

Во **Табела бр.6/4** се изнесени податоци за тоа кај кои судии од граѓански оддел во Апелационен суд Штип се наоѓаат овие 87 нерешени предмети по сите основи.

**Табела бр.6/4**

| РБ | Судија | Уписник | Година на прв прием во ОС | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| 1 | Кирче Донев | ГЖ | | | 1 | 1 | | 1 | | 1 | 5 | 20 |
| | | ТСЖ | | | | | 1 | | | | 5 | 2 |
| | | РОЖ | | | | | | | | | | 2 |
| 2 | Софија Манева | ГЖ | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 | 1 | 15 |
| | | ТСЖ | | | | | | | | 1 | | 5 |
| | | РОЖ | | | | | | | | | | 3 |
| 3 | Светлана Јованова | ГЖ | | | | | | | | 1 | 6 | 10 |
| | | ТСЖ | | | | | | | | | | 2 |

Во **Табела бр.6/5** се дадени податоци за нерешени стари кривични предмети над 3 години во Апелационен суд Штип според годината на прием во основните судови кои се вкупно 7 предмети, почнувајќи од 2010 година до 2018 година.

**Табела бр.6/5**

| Уписник | Година на прв прием во ОС | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | |
| КЖ | | 1 | | | | 1 | | 4 | 1 | **7** |
| КЖМ | | | | | | | | | | **0** |
| КСЖ | | | | | | | | | | **0** |
| ПРКЖ | | | | | | | | | | **0** |
| КР | | | | | | | | | | **0** |

**Вкупно постари од 3 години во кривичен оддел: 7**

Во **Табела бр.6/6** се изнесени податоци поединечно кај кој судија од Кривичен оддел се наоѓаат овие нерешени предмети.

**Табела бр.6/6**

| РБ | Судија | Уписник | Година на прв прием во ОС | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
| 1 | Весна Димитриевска Накова | КЖ | | | | | | | | 1 | |
| 2 | Славчо Тасев | КЖ | | | | | | | | 1 | 1 |
| 3 | Данка Ристова | КЖ | | | | | | | | 1 | |
| 4 | Мирјанка Гоцевска Стефановск | КЖ | | 1 | | | | 1 | | 1 | |

Во **Табела бр.6/7** се дадени податоци за вкупен број на нерешени граѓански премети и тоа 28 предмети по сите основи над 3 години според годината на прием во основните судови.

**Табела бр.6/7**

| Уписник | Година на прв прием во ОС | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | |
| ГЖ | 1 | 1 | 1 | 1 | | 1 | 1 | 3 | 12 | **21** |
| ТСЖ | | | | | 1 | | | 1 | 5 | **7** |
| РОЖ | | | | | | | | | | **0** |
| Р | | | | | | | | | | **0** |
| | | | | | | | | | **Вкупно постари од 3 години во граѓански оддел:** | **28** |

Во **Табела бр.6/8** се изнесени податоци поединечно по судија во Граѓански оддел кои граѓански предмети се наоѓаат во работа кај нив.

**Табела бр.6/8**

| РБ | Судија | Уписник | Година на прв прием во ОС | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
| 1 | Кирче Донев | ГЖ | | | 1 | 1 | | 1 | | 1 | 5 |
| | | ТСЖ | | | | | 1 | | | | 5 |
| 2 | Софија Манева | ГЖ | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 | 1 |
| | | ТСЖ | | | | | | | | 1 | |
| 3 | Светлана Јованова | ГЖ | | | | | | | | 1 | 6 |

## 6.1 Извештај за усогласување на судска пракса

На одржаните седници на Кривичен, Граѓански оддел и Оддел за судска пракса при Апелациониот суд Штип во 2021 година беа разгледувани повеќе стручни прашања пред се со цел за воедначување на судската пракса и беа разгледувани и правни прашања изготвени од страна на судии од овој суд и правните прашања доставени од трите Апелациони судови по повод одржувањето на заедничката средба на сите судии од 4-те апелациони судови на подрачјето на Република Северна Македонија. Заедничката средба се одржа на 06.10.2021 година во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во Скопје.

### Кривичен оддел

Во текот на 2021 година Кривичниот оддел на Апелациониот суд Штип има завземено повеќе правни ставови и мислења по однос на повеќе спорни правни прашања, по барање на судовите од другите Апелациони судови и по сопствена иницијатива.

На работната средба на преставници на Апелационите судови и Врховен суд на РСМ што се одржа на 06.10.2021 година во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во Скопје беа поставени следните правни прашања и беа донесени следните заклучоци по истите:

**1.** „Дали кога за кривичноте дело како најмала мера затвор е предвидена казна затвор од најмалку 12 години затвор, истата може да се ублажи?“ (прашање на АС Битола)

**З А К Л У Ч О К**

**Кога за кривичното дело како најмала мера казна затвор е предвидена казна затвор од намалку 12 години затвор, истата може да се ублажи имајќи предвид дека во чл.40 од КЗ, не е предвидено дека за некои кривични дела може да има ублажување, а за некои кривични дела да не може да се ублажи казната. Имено, кога за конкретно кривично дело како најмала мера казна затвор е предвидена казна затвор од најмалку 12 години затвор се применува чл.40 од КЗ, каде јасно е предвидено дека казната може да се ублажи под границата пропишана со закон и истата може да се ублажи во границата предвидена во чл.41 ст.1 т.1 од КЗ.**

**2.** „Дали судовите во прекршочната постапка се должни по службена должност да внимаваат на тоа дали барањето за поведување на прекршочна постапка е поднесено во рокот од чл.83 ст.4 од Законот за прекршоците (Сл.весник на РСМ бр. 96 од 17.05.2019 година) и како треба да постапи првостепениот суд, а како второстепениот суд, во прекршочните предмети во кои од страна на овластените органи од чл. 83 ст.2 од Законот за прекршоците е поднесено барасе за поведување на прекрѓочната постапка по истекот на рокот од чл.83 ст.4 од Законот за

прекршоците (Сл.весник на РСМ бр. 96 од 17.05.2019)?“ (прашање на АС Битола)

**З А К Л У Ч О К**

**Рокот од 30 дена за поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка од чл.87 ст.4 од Законот за прекршоците е инструктивен рок, односно дека по констатирањето на прекршокот, со неговото пропуштање не се губи правото за превземање определено дејствие, како што впрочем се постапува и при поднесување на обвинителен предлог, бидејќи нема одредба во Законот за прекршоците која предвидува последица од непостапувањето во тој рок, како што е предвидено во одредбите од Законот за кривичната постапка.**

**3**. „Кога од страна на Апелационен суд е донесена одлука со која првостепената пресуда е укината и е наредено одржување на расправа пред второстепениот суд и притоа е донесено решение за продолжување на мерката притвор, кој е надлежен да одлучува за мерката притвор по истекот на 30 дена од донесеното решение за продолжување на мерката притвор, дали Кривичниот совет на првостепениот суд или Кривичниот совет на второстепениот суд?“ (прашање на АС Скопје)

**З А К Л У Ч О К**

**Кога од страна на Апеалциониот суд е донесена одлука со која првостепената пресуда е укината и е наредно одржување расправа пред второстепениот суд и притоа е донесено решение за продолжување на мерката притвор, надлежен за продолжување на мерката притвор по истекот на 30 дена од донесеното решение за продолжување на мерката притвор, е Кривичниот совет на второстепениот суд.“**

**4**. „ Дали советот на второстепениот суд е надлежен да одлучува по жалба против решение за продолжување на мерката притвор во која жалба е поднесен и предлог за определување на гаранција?“ (прашање на АС Скопје)

**Присутните судии од сите апелациони судови на територијата на Република Северна Македонија се согласија дека по однос на ова правно прашање треба да се произнесе Врховниот суд на РСМ поради различните мислења и ставови на судиите од Апелациониот суд Скопје и Гостивар кои сметаат дека кривичнот совет на второстепен суд треба да се впушти и одлучува по изјавените жалби во кои е истакнат предлог за обезбедување гаранција со судиите од Апелационен суд Штип и Битола, кои по однос на ова поставено правно прашање сметаат дека второстепениот суд не е надлежен да постапува во наведената ситуација туку надлежен да постапува и одлучува за понудена гаранција е првостепениот суд.**
**При ваква состојба на работите бидејќи нема услови за донесување на Заклучок по ова поставено правно прашање со цел да се заземе**

**заеднички определен став за постапување по овие предмети, се заклучи по ова правно прашање да се произнесе Врховен суд на РСМ**

**5.** „Дали одредбата од чл.108 ст.1 од КЗ за почетокот на застарувањето на кривичното гонење се применува во сите случаи кога дете се јавува како оштетено со кривичното дело или пак истата наоѓа примена само кај оние кривични дела кои се сторени со умисла према дете, односно со намера пасивниот субјект- оштетениот спрема кого е сторено делото да биде дете?“ (прашање на АС Скопје)

**Преставниците од сите апелациони судови ги изнесоа своите мислења по ова прашње, разгледувани на седниците на кривичните оддели во своите судови, а свое размислување изнесе и преставникот на Врховен суд на РСМ.**

**По исцрпната дискусија се констатираше дека поради различните размислувања на судиите од АС Скопје и Гостивар кои сметаат дека одредбата од чл.108 ст.1 од КЗ за почетокот на застарување на кривичното гонење наоѓа примена само кај оние кривични дела кои се сторени према усмисла према дете односно каде кривични дела каде што објектот на дејствие односно пасивниот субјект спрема кого е сторено делото е со намера тоа да биде дете, односно малолетно лице како што е случај со т.н. лични кривични дела (Полов напад врз дете, Трговија со дете), а не и во други случаи каде детето сосема случајно се јавува како оштетено (кривично дела против безбеденоста на јавниот сообраќај) со судиите од Апелационен суд Битола и Штип, кои по однос на поставеното правно прашања ја подржуваат стрикната примена на чл.108 ст.1 од КЗ и секогаш кога е оштетено дете без оглед дали кривичното дело како објект на дејствие го има токму детето, или истото е оштетено со кривичното дело, без притоа да биде посебен објект на дејствие. Притоа присутните се согласија дека по однос на ова правно прашање треба да се произнесе Врховниот суд на РСМ, со цел да се заземе определен став за постапување по овие предмети.**

**6.** „Дали е казнив обидот за кривичното дело „Тешка кражба“ од чл. 236 ст.5 в.в. ст.1 т.1 од КЗ? (прашање на АС Скопје)

**Преставниците на Апелационите судови од подрачјето на РСМ ги изнесоа своите ставови и мислења по однос на ова спорно прашање, изнесено на седниците на кривичните оддели во своите судови, свое мислење изнесе и преставникот на Врховен суд на РСМ.**

**Се констатираше дека постојат различни ставови и мислења на судиите од сите апелациони судови така што судиите од Апелационен суд Скопје, Гостивар и Штип, сметаат дека казнив е обидот за кривичното дело „Тешка кражба“ од чл.236 ст.5 в.в. т.1 од КЗ со оглед на тоа да ова кривично дело е квалифициран облик на кривичното дело „Кражба“ со законски обележја содржани во чл.235 ст.1 од КЗ, а обидот за ова кривично дело е казнив од што произлегува дека е казнив и обидот на привилегираниот облик односно на кривичното дело „Тешка кражба„“ од чл.236 ст.5 в.в. ст.1 т.1 од КЗ.**

**Судиите од Апелационен суд Битола сметаат дека со одредбата од чл.236 ст.5 в.в. ст.1 од КЗ не е предвидено казнување за обид на ова кривично дело што е во духот на чл.19 ст.1 од КЗ, каде е регулирано казнувањето за обид на кривичното дело при што казнувањето за обид на друго кривично дело е предвидено само кога законот изречно пропишува казнување и за обид, а за конкретното кривично дело, законодавецот не пропишал казнување за обид, при што нема услови за донесување на заклучок.**

**Присутните се согласија дека по однос на ова правно прашање треба се произнесе Врховен суд на РСМ заради заземање на определен став за постапување по овие предмети.**

**7.** „Како вид на постапка да се спроведе при решавањето на прекршочен предмет кој веќе еднаш е укинат, а потребно е да се преиначи првостепената пресуда од ослободителна во осудителна, при што е потребно да се утврди поинаква фактичка состојба од онаа која ја утврдил првостепениот суд? (прашање на АС Штип)

**По однос на ова поставено правно прашање од АС Штип, преставникот на Апелационен суд Скопје истакна различно мислење по однос на постапувањето на другите апелациони судови, истакна мислење дека кога еднаш е укината првостепената пресуда повторно се сторени суштествени повреди пресудата треба да се укине, второстепениот суд ќе ја укине првостепената пресуда, ќе закаже претрес со повикување на подностителот на барањето и обвинетиот, а претресот може да се одржи и во нивно отсуство доколку се уредно повикани, при што нема да се применуваат одредбите за директно и вкрстено испитување, на претресот судот ќе ги изведе доказите, ќе сослуша сведоци согласно одредбите за претрес. Апелациониот суд Скопје веќе имал одржано претреси, по прекршочни предмети и нивните пресуди биле потврдени со пресуди на Врховен суд на РСМ и тоа одлуките ВКЖ-18/19 и ВКЖ-33/18.**

**Поради различните ставови по ова правно прашање се констатираше дека е потребно за истото да се произнесе Врховен суд на РСМ со цел да се заземе определен став за постапување по овие предмети.**

**8.** „Дали јавниот обвинител против првостепената пресуда (ослободителна или осудителна) има право да поднесе жалба по жалбениот основ за досудените трошоци во првостепената постапка, ако се има предвид дека во случај кога е донесена ослободителна пресуда или пресуда со кое обвинението се одбива, трошоците на постапката паѓаат на товар на Буџетот на РСМ односно кога е донесена осудителна пресуда трошоците на постапката паѓаат на товар на обвинетиот.“ (прашање на АС Штип)

**З А К Л У Ч О К**

**Јавниот обвинител има право да поднесе жалба во делот на одлуката за досудните трошоци во правостепената постапка и треба се поттикнува да учествува во тој дел на постапката, дотолку повеќе што и јавното обвинителство согласно новиот ЗКП предјавува трошоци на**

**постапката, а доколку не е поднесена жалба, првостепениот одлука нема да се испитува во тој дел.**

## Граѓански оддел

Во текот на 2021 година, Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Штип има завземено повеќе правни ставови во однос на повеќе спорни прашања по барање на судовите и по сопствена иницијатива.

Така, на Работната средба на преставници на Апелационите судови и Врховен суд на РСМ што се одржа во период од 06.10.2021 година во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје беа поставени следните правни прашања и беа донесени следните заклучоци по истите:

**1.** „Дали во постапката за определување на надоместок на експроприран имот, судот може да определи надоместок за прирастоци на недвижноста (насади, градежни објекти и слично) кои не се опфатени во решенијата за експропријација донесени во органот на управата и за кои не се вршела проценка во управната постапка?“ (прашање на АС Битола)

**З А К Л У Ч О К**

**Во постапката за определување на надоместок на експроприран имот, судот не може да определи надоместок за прирастоци на недвижноста (насади, градежни објекти и слично) кои не се опфатени во решенијата за експропријација донесени во органот на управата и за кои не се вршела проценка во управната постапка. Беше одлучено ова правно прашање да се достави до Врховен суд на РСМ на разгледување и изјаснување.**

**2**. „На која основица треба да се пресметуваат трошоците на постапката во спорови за издршка?“ (прашање на АС Битола)

**Со оглед да на работниот состанок не дојде до усогласување на мислењата на судиите присутни на работниот состанок од сите апелациони судови, по однос на ова прашање не се донесе заклучок. Правното прашање да се достави до Врховен суд на РСМ на разгледување и изјаснување.**

**3**. „Дали на активниот и цивилниот воен персонал покрај додатоците на плата предвидено во чл.148 од Законот за служба во Армијата, Пречистен текст бр. 77/2012 како и измените и дополнувањата на овој закон, имаат право на додатоци на плата согласно чл.72 и чл.73 од Колективните договори на Министерството за одбрана?“ (прашање на АС Битола)

По наведените излагања и услогласување на преставниците на 4-те Апелациони судови едногласно бил донесен следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**Активниот и цивилниот воен персонал покрај додатоците на плата предвидени во чл.148 од Законот за служба во армијата пречистен текст бр. 77/12 како и измените и дополнувањата на овој Закон, имаат право на додатоци на плата согласно чл.72 и чл.73 од Колективните договори на Министерството за одбрана.**

**Правото прашање да се достави до Врховен суд на РСМ на разгледување и појаснување.**

**4.** „Дали во случај кога налогот за извршување е донесен врз основа на чл.210 од Законот за извршување кога налозите за извршување ги задолжуваат трезорските сметки односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на трезорските сметки, Претседателот на судот постапувајќи по барањето за определување на минимални средства за вршење дејсност на должник – Општина, има право да ја примени одредбата од чл.218 од ЗИ која се однесува на извршување врз подвижни предмети и права спрема РСМ и нејзините органи и Единиците на локалната самоуправа и јавните претрпријатија и да определи лимит за извршување врз парични средства на сметката на должникот на трезорските сметки односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на трезорските сметки?“ (прашање на АС Гостивар)

**Со оглед дека не се усогласени мислењата на 4-те апелациони судови, по однос на ова правно прашање не се донесе Заклучок.**

**Правното прашање да се доследи во Врховен суд на РСМ на разгледување и изјаснување.**

**5.** „Дали на вработените на ЈП Национални шуми ПО Скопје им припаѓа право на надомест на име теренски додаток во услови кога вработените извршуваат работи и работни задачи на работно место во расадник, кое работно место се извршува на терен?“ (прашање на АС Гостивар)

**З А К Л У Ч О К**

**На вработените во ЈП Национални шуми ПО Скопје им припаѓа право на надомест на име теренски додаток во услови кога вработените извршуваат работи и работни задачи на работно место во расадник, кое работно место се извршува на терен.**

**Правното прашање да се достави до Врховен суд на РСМ на разгледување и изјаснување.**

**6**. „Дали на работникот вработен со договор за вработување во АД ЕЛЕМ подружница РЕК Осломеј на одредено работно место со утврден коефициент на плата му следува разлика на плата во случај кога со писмено задолжение се упатува покрај своите работи и работни задачи предвидениo со договорот за вработување времено да ги извршување и да ги обучува работни здачи на друго работно место со утврден повисок коефициент, од работно место согласно договорот за вработување до

работно место на кое е упатен да извршува работни задачи согласно писменото задолжение на кое постојано работи и ги извршува работните задачи кои произлегуваат од тоа работно место?“ (прашање на АС Гостивар)

**Со оглед на тоа дека не дојде до усоласување на мислењата на судиите од 4-те Апелациони судови по однос на ова правно прашање не се донесе заклучок.**

**Правното прашање да се достави до Врховен суд на РСМ на разгледување и изјаснување.**

**7.** „Дали осигурителната компанија е пасивно легитимирана и дали истата е должна да исплати надомест на инвалидитет, смртен случај, преодна неспособност за работа и нужни трошоци за лекување врз основа на полиса за задолжително осигурување на патници во јавниот превоз од незгода во случај кога осигуреникот не доплатил 100% премија за патување во странство?“ (прашање на АС Скопје)

**З А К Л У Ч О К**

**Осигурителната компанија е пасивно легитимирана и истата е должна да исплати надомест на инвалидитет, смртен случај, преодна неспособност за работа и нужни трошоци за лекување врз основа на полиса за задолжително осигурување на патници во јавниот превоз од незгода во случај кога осигуреникот не доплатил 100% премија за патување во странство.**

**Правното прашање да се достави до Врховен суд на РСМ на разгледување и изјаснување.**

**8**. „Дали на странката и следуваат трошоци на име надомест за изготвено вештачење во услови кога странката во прилог на тужбата или одговорот на тужба не доставува доказ дека е платено вештачењето туку приложува фактура изготвена од вешто лице. Во иста насока е и прашањето дали на страката и следуваат и трошоци на име надомест за фотокопирање, административни такси пред управни органи за поднесени барања за доставана одредени докази, а сите сторени во функција за поднесување на тужбата, а за кои не се доставени никакви докази дека истите се платени поточно нема фискални сметки и сл.?“ (прашање на АС Скопје)

**На странката и следуваат трошоци на име надомест за изготвено вештачење и покрај тоа што не е доставен доказ дека е платено за изготвеното вештачење. На странката не и следуваат трошоци надомест за фотокопирање, административни такси и слично пред управните органи за поднесени барања за достава на одредени докази, а сите сторени во функција за поднесување на тужбата, со оглед да истите влегуваат во паушалот предвиден во Адвокатската тарифа на РСМ како споредни дејствија кои се тарифирани.**

**Правното прашање да се достави до Врховен суд на РСМ, на разгледување и изјаснување.**

**9**. „Кој е активно легитимиран да поднесе тужба за регресен долг од неосигурано возило -неосигурано такси возило за 30% доплата која не е направена за такси возило, дали Националното биро за осигурување или осигурителната компанија која ја надоместила штетата на третото оштетено лице?“ (прашање од АС Скопје)

**З А К Л У Ч О К**

**Националното биро за осигурување е активно легитимиран да поднесе тужба за регресен долг од неосигурано возило -неосигурано такси возило за 30% доплата која не е направена како за такси возило.**
**Правното прашање да се достави до Врховен суд на РСМ на разгледување и изјаснување.**

**10.** „Во вонпарнична постапка за надомест на експроприрана недвижност при утврдување на пазарна вредност на градежното земјиште во смисла на чл.12, односно на пазарната вредноста на земјоделско земјиште, шуми и пасишта во смисла на чл.13 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот, која година се смета дека и претходи на годината за која се врши процена на земјиштето, дали тоа е годината која и претходи на годината во која е извршена експропријацијата на земјиштето или годината која и претходи на годината во која се врши процената?“ (прашање од АС Штип)

**Со оглед на тоа дека не дојде до усогласување на мислењата и ставовите од судиите од 4-те Апелациони судови, по однос на ова правно прашање не се донесе заклучок.**

**Правното прашање да се достави до Врховен суд на РСМ на разгледување и изјаснување.**

**11.** „Дали по измената на чл.128 од ЗРО, а согласно ЗИД на ЗРО (Сл.весник на РМ бр. 120/18) работникот може директно пред суд да истакне парично побарување за исплата на трошоци за храна за ноќна работа и трошоци за превоз до и од работа, или во смисла на чл.181 од ЗРО, работникот ова право треба да го оствари-заштити кај работодавачот, па ако не е отстрането кршењето на правото да поведе судски спор?“ (прашање од АС Штип)

**З А К Л У Ч О К**

**Согласно измената на чл.128 од ЗРО, а согласно ЗИД на ЗРО (Сл.весник на РМ бр. 120/18) работникот може директно пред суд да истакне парично побарување за исплата на трошоци за храна за ноќна работа и трошоци за превоз до и од работа, со оглед да се работи за парично побарување.**

**Правното прашање да се достави до Врховен суд на РСМ заради разгледување и изјаснување.**

**На работниот состанок по иницијатива на претседавачот - модераторот на работната средба било прифатено правните прашања за кои не се донел заклучок и правните прашања за јкои се донел заклучок да се достават до Врховен суд на РСМ со цел во Врховен суд на РСМ да се донесат правни мислења за овие прашање.**

Во времето на изготвувањето на Годишниот извештај за работа за 2021 година на Апелационен суд Штип за 2021 година, изготвени се 12 сентенци – одлуки од кривична област и 12 сентенци- одлуки од граѓанска област по судски предмети, а во Билтенот кој е во фаза на изготвување и издавање бр.14 за 2021 година, ќе бидат наведени и заклучоците од работната средба на судиите од сите апелациони судови во РСМ со преставници – судии од Врховен суд на РСМ одржана на 06.10.2021 година, за воедначување на судската пракса.

## 6.2 Извештај од извршени посети на основните судови

Во текот на 2021 год. Претседателот на судот со судиите од Кривичен и Граѓански оддел изврши посети на сите основни судови, заедно со судските информатичари, согласно чл.19 од Законот за судовите и чл.24 ст.2 и 3 од Судскиот Деловник. Беа формирани групи од судии од кривичниот и од граѓанскиот оддел, кои извршија посети на сите Основни судови на подрачјето на Апелационен суд Штип.

Најпрво беше изготвен распоред за обавување на работните посети на Основните судови од подрачјето на Апелационен суд Штип во месец Окомври и месец Ноември Су.бр. 863/21 од 03.09.2021 година.

**Судијата Славчо Тасев,** поднесе на 07.09.2021 година и на 09.09.2021 година, писмени барања за промена на веќе изготвениот распоред за работни посети на основните судови, што се однесува за Основен суд Виница на 14.09.2021 година и на Основен суд Делчево на 30.09.2021 година за кои дати судијата Славчо Тасев беше планирано да биде член на работната група од судии кои треба да ги спроведат работните посети во споменатите два основни суда во кои **писмени барања се наведува дека не сакал да учествува во обавувањето на работните посети, бил исплашен од ширењето на вирусот Ковид 19, а бил семеен човек и било можно заразата од овој вирус да се прошири и на неговото семејство и да настанат потешки последици.**

Поради одбивањето на учеството на работните посети од страна на судијата Славчо Тасев беше изготвена измена на распоредот за работни посети Су.бр.882/21 од 09.09.2021 година, така што наместо судијата Славчо Тасев, во Основен суд Виница на негово место ќе учествува судијата Данка Ристова, а во Основен суд Делчево наместо судијата Славчо Тасев, во работната група на судии ќе учествува судијата Тони Делев.

Со измена на распоредот за работни посети Су.бр. 906/21 од 15.09.2021 година, работната посета во Основен суд Берово наместо на 30.09.2021 година ќе се спроведе на 24.09.2021 година.

Работните посети во Основните судови се извршија почнувајќи од 10.09.2021 година, до 04.10.2021 година.

Во Основен суд Радовиш работната посета беше спроведена на 10.09.2021 година, во Основен суд Виница на 14.09.2021 година, во Основен суд Свети Николе на 21.09.2021 година, во Основен суд Штип на 29.09.2021 година, во Основен суд

Делчево на 30.09.2021 година, во Основен суд Берово на 24.09.2021 година, во Основен суд Струмица 01.10.2021 година, во Основен суд Кочани на 04.10.2021 година.

Претседателот на Апелационен суд Штип при обавувањето на работните посети на основните судови изврши и контрола на работењето во основните судови од аспект на примена на Судскиот деловник и заедно со судските информатичари и контрола во делот на работењето на АКМИС системот, согласно чл.25 од Судскиот деловник.

Пред обавувањето на работните посети, сите судии од Граѓански и Кривичен оддел на Апелационен суд Штип беа упатени со писмени известувања, при контролата на основните судови на што треба да обрнат внимание и тоа: кога за прв пат е заведен судскиот предмет во основен суд, за кое кривично дело, односно основот на граѓанскиот предмет, кој е текот на постапката по судскиот предмет, дали првостепената пресуда била укината и колку пати, дали бил поднесен вонреден правен лек во Врховен суд на РСМ, и кои се причините за одолговлекувањето на постапката по судскиот предмет, кога се работи за стари и незавршени предмети, забележување на личните впечатоци и мислења на судиите при решавањето на старите и незавршени предмети, давање на правна помош за одредени правни прашања на судиите во основните судови во смисла на надминување на некои потешкотии и слабости во решавањето на предметите.

Секој од судиите, по обавените работни посети, изготвија детални извештаи за обавените контроли на граѓанските и кривичните предмети во сите основни судови.

Од извршните посети во сите основни судови од подрачјето на Апелационен суд Штип во поглед на работењето на претседателите на судовите и основите судови во целина се констатира следната состојба:

Автоматската распределба на предмети во основните судови се врши преку автоматизиран компјутерски систем за управување со судски предмети, на начин што во текот на денот еднаш се врши распределба во 14,00 часто и со тоа се обезбедува секој судија во судот да добие во работа подеднаков број на предмети согласно дефинираните критериуми од Работното тело за стандардизација во Врховен суд на РСМ.

При обавената посета на освовните судови се утврди дека правилно се применува чл.169 од Судскиот деловник во однос на правилниот попис на списите од граѓанските и кривичните предмети, хронолошко лепење на списите, со црвен мастило, нумерација на списите во десниот горен агол.

Предавањето на предметите и списите од судската писарница на судијата, судските службеници го вршат согласно Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети.

Работните тела за управувањето со движење на предметите во судовите правилно ја вршат својата работа согласно Законот за управување со движење на предметите во судовите.

Судиите во основните судови со свои изјави и известувања ги известуваат Претседателите на основните судови за причините поради кои не се завршени старите судски предмети.

Во сите основни судови се изготвени годишни распореди за работа за 2021 година, кои распореди се почитуваат и судиите работат по овие распореди, таму каде што има услови формирани се специјализирани оддели.

Се изготвуваат од страна на Претседателите на основните судови акциони планови за решавање на старите предмети, во кои се внесуваат и мислењата на судиите по однос на временскиот период кога планираат да ги завршат старите судски предмети кај кои постапката трае подолго време.

Редовно се одржуваат седници на судии во основните судови, најмалку еднаш месечно, а по потреба и повеќе пати, за што уредно се водат и записници за тоа.

При работните посети се утврди дека планираните судиски места во основните судови не се пополнети во целост, на подрачјето на Апелационен суд Штип што преставува и една од причините поради кои се доведува во прашање нормалната работа и функционирањето на основните судови и навременото решавање на судските предмети.

При извршените посети се утврди дека во најголем дел постојат објективни причини поради кои не се завршени голем дел од старите граѓански и кривични предмети, како што се недоаѓањето на странките поради тоа што не се наоѓаат во државата, односно обвинетите не се достапни, се наоѓаат во странство, како и укинати предмети по кои постапувале повеќе судии со што одолговлекува постапката.

Поради тие причини, при работните посети се обавија разговори со сите судии во врска со причините поради кои не се решени старите судски предмети и им беа дадени упатства во врска со начинот на понатамошното постапување по овие предмети за да се постигне поуспешно и поефикасно решавање на предметите.

Од страна на Претседателот на судот беше извршен и увид во предметите за наплата на судските паушали и извршувањето на кривичните и прекршочните санкции при што се утврди дека навремено и редовно постапува по предметите за наплата на паушалите, надоместоците и по предметите за извршување на санкции.

При контролата се утврдија и проблеми со навременото постапување и решавање на голем дел од оставинските предмети што се наоѓаат кај нотарите. Беше утврдено дека Претседателите на основните судови имаат чести контакти и средби со нотарите и се превземаат мерки од нивна страна да влијаат на нотарите побрзо и навремено да ги решаваат оставинските предмети при што исто така се вршат од страна на Претседателите на основните судови редовни контроли на нотарите, ова од причина што овие оставински предмети што се наоѓаат кај нотарите а се нерешени се водат во евиденцијата на основите судови како нерешени предмети.

При обавените посети на основните судови на подрачјето на Апелационен суд Штип се утврди дека главен проблем во најголем дел од судовите е староста на серверите, односно нивната дотраеност и недостаток на мемориски простор на дисковите. Дел од судовите имаат проблеми со тонското снимање како и со опремата за тонско снимање, дел од основните судови имаат во примена и стари компјутери кои се дотраени и имаат потреба од набавување на нови компјутери.

## 6.3 Извештај за односи со јавноста

### Податоци за работа на канцеларијата за односи со јавност (контакти)

Канцеларијата за односи со јавноста е отворена во 2012 година и работи во состав на Апелационен суд Штип.

Овде се примаат сите писмени поднесоци и сите заинтересирани лица и полномошници во врска со информации за поедини предмети.

Овластено лице во Канцеларијата за односи со јавноста е Корнелија Николовска.

Овде се врши и електронско скенирање на сите примени писмени поднесоци било по пошта или доставени лично на рака.

Во 2021 година канцеларијата за односи со јавноста има извршено скенирање на 897 писмени поднесоци и спојување на нивно електронско досие.

Во периодот од јануари до декември 2021 година во Канцеларијата за односи со јавноста се одговара на телефонски повици и усмени барања со цел да се информираат граѓаните. Граѓаните се информираат лично или преку нивните полномошници за предметите во кои се учесници во постапката за предметите се земени во работа, дали се решени и дали се пратени во Основните судови.

Во просек се одговара на 7 телефонски повици и се примаат 3 писмени барања во текот на денот.

**Број на примени и одговорени барања по Законот за слободен пристап до информации, начинот на постапување и одговарање**

Во Апелациониот суд во Штип во 2021 година се примени 13 (тринаесет) барања на информации од јавен карактер од кои 9 барања се уважени и се дадени бараните информации, а 4 барања се одбиени и не се дадени информации, бидејки бараните информации не ги генерира АКМИСОТ или не се информации од јавен карактер.

**Број на објавени одлуки на веб страната, фактори кои влијаат на објавите.**

На сајтот на Апелационен суд Штип редовно се објавуваат тековни информации за јавноста, месечни и периодични извештаи за работата на судот, соопштенија, огласи, билтени, информатори, одлуки и др.

На порталот на Апелационен суд Штип од 01.01.2021 до 31.12.2021 биле објавени вкупно **2.473** одлуки.

Фактори кои влијаат на ажурноста на објавувањето се: квалитетот на конекцијата со порталот, тековните проблеми и грешки што повремено се појавуваат во процесот на анонимизација на одлуките, како и моменталниот обем на работа на дактилографите - вработените задолжени за анонимизација и објавување на одлуки.

**Објавени соопштенија за јавност, прес конференции, јавни настани, отворени денови организирани од судот**

Во 2021 година редовно на Веб порталот се соопштуваат за јавноста:
- месечни извештаи за работа на судот;
- годишен извештај за работа на судот;
- годишен план за работа;
- годишна програма за работа;
- план за следење на судската пракса;
- акционен план за намалување на стари предмети;
- внатрешни процедури;
- оглас за судии поротници;
- јавни огласи за вработување;
- известување за објавување на Билтен бр.13

## 6.4 Извештај за планирани и извршени јавни набавки

Во Апелациониот суд во Штип согласно Годишниот план за јавни набавки за 2021 година и неговите измени и дополнувања се спроведоа 3 јавни набавки на стоки и услуги и тоа:

1. Јавна набавка, каде предмет на договор беше 300 риса фотокопирна хартија , носител на набавката беше„ Друштво за внатрешна и надворешна трговија ТОЗ-МК ДОО Скопје, со вкупна вредност на договорот од 41.025,00 денари со ДДВ .

2. Јавна набавка, каде предмет на договор беше 30.000 литри екстра лесно масло за домакинство ЕЛ-1, носител на набавката беше ДППУ Супертрејд Дооел Скопје со вкупна вредност на договорот од 1.143.302,00 денари со ДДВ, со 6,89 денари рабат за 1 литар.

3. Јавна набавка, каде предмет на договор беше електрична енергија, носител на набавката беше ДПТУ МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, со вкупна вредност на договорот од 352.807,95 денари со ДДВ. Договорот беше раскинат од страна на добавувачот Мист енерџи Дооел Скопје поради големото покачување на електричната енергија, поради што бевме приморани од 01.12.2021 година да склучиме договор со снабдувачот во краен случај - ЕВН Хоме Скопје за период не подолг од 3 месеци.

**Анализа од аспект на навременост и ефикасна достава**

Сите три јавни набавки кој ги спроведе Апелациониот суд Штип беа согласно ЗЈН, а по спроведена постапка се изврши избор за најповолен понудувач-носител на набавката. Сите учесници во постапката – понудувачи уредно и навремено беа известени за сите дејствија кои ги превзема Комисијата за јавни набавки како и одлуките за извршениот избор за јавна набавка согласно критериумите од тендерската документација. Сите известувања и одлуки понудувачите ги примаа електронски, а на решенијата за избор немаше поднесено жалби, по што се склучија договори со најповолните понудувачи - набавувачи, а договорите се реализираа навремено согласно договорениот рок од двете страни на договорот, се вршеше навремена достава на хартија и нафта, освен со носителот на набавката на електрична енергија, кој го раскинаа договорот на ден 30.11.2021 година, поради наглото покачување на електричната енергија.

## 7. Просторни капацитети

Просториите во кој се сместени судиите и судските службеници се опремени со потребниот мебел и информатичка опрема. Секој судија има свој компјутер и пристап до АКМИС и Интернет. Печатањето на одлуките се врши преку мрежен печатар со што се заштедува во средства за опрема и така е и поекономично за експлоатација. Изградена е просторија за серверите по сите поставени стандарди. Секоја канцеларија е климатизирана и вклучена во системот за парно греење.

Судот располага со ТРИ судници, од кои едната е со систем за тонско снимање, и тие целосно ги задоволуваат потребите на судот.

Судските советници и соработници се сместени по еден, двајца или тројца во една просторија. Записничарите се сместени по 6 лица во две простории, но засега

нема можност за било какво проширување. Ова состојба може да се подобри само доколку Вишото јавно обвинителство, кое е сместено во судската зграда бидат преместени во друга зграда.

Реален и долгогодишен проблем постои што средствата за греење се обезбедуваат од буџетот на овој суд, а на системот се вклучени и други органи како: Основен суд Штип, Основно јавно обвинителство Штип, Вишо јавно обвинителство Штип и Јавно правобранителство. Освен Јавното правобранителство ниту еден од другите органи не партиципира со средства за парно, но и за електрична енергија, вода и ѓубре. За овие износи се доставуваа прегледи за нивните трошоци секој месец, но тоа нема никаков ефект.

## 8. Извештај за информатички технологии

### Примена на програмски апликации во судот

АКМИС системот комплетно се применува во работата на судот, т.е. секој предмет, акт и предвидените податоци ажурно се заведуваат во електронските досиеа на предметите и соодветно се процесираат (не се практикува паралелна работа вон АКМИС ниту во писарница). Податоците за сите извештаи се генерираат со помош на постојните модули во АКМИС и апликацијата CCPM извештаи.

Редовно се врши електронска достава на покани и други писмена до адвокатите регистрирани на порталот за е-достава.

Модулот за скенирање редовно се користи. Сите поднесоци кои се доставуваат во хартиена форма до судската писарница се внесуваат во електронското досие на предметот.

Во текот на 2021 година немаше надградување на нова верзија на АКМИС системот. Последната верзија е 5.7.0.36.

Сите компјутери се заштитени со лиценциран Kaspersky антивирус.

АБМС системот за работата во сметководство и благајна уредно се применува.

### Извршени промени и доградби

Во однос на ИТ опремата со која располага судот, во текот на 2021 година се заврши започнатата замена на старите компјутери со вкупно 40 претходно набавени нови компјутери. Набавени се и 15 слушалки и уште 5 web камери за потребите на вработените за следење на online обуки.

На 25.06.2021 год. сервисер од надлежната фирма за одржување на серверите Неоком од Скопје, по претходно пријавен дефект од наша страна, изврши промена на матичната плоча и на едно од двете напојувања на серверот во АС Штип.

На 06.07.2021 год. сервисери од надлежната фирма за интернет конекција Телесмарт од Скопје, по претходно пријавен прекин на интернет конекцијата, извршија интервенција на опремата за интернет конекција.

На 20.07.2021 год., по претходно пријавен дефект на switch во сервер салата, сервисер од Неоком од Скопје - фирма надлежна за одржување на switch-евите во сервер салата, изврши замена на стариот switch со нов.

**Воочени проблеми и предлози за подобрување**

Во врска со АКМИС системот констатирани се следните недостатоци:

- Одредени видови на основи и основи недостасуваат во уписниците, посебно во ПРКЖ;
- Не се внесени сите закони и не се поврзани одредени основи со членови на законите;
- Невозможно е да се направи прераспределба истиот ден кога е распределен предметот;
- Базата на податоци за овластени правни и физички лица (адвокати, нотари, извршители, вешти лица) не се ажурира редовно и навремено;
- Сеуште не е извршено вертикално поврзување со основните судови, т.е. невозможно е да се пристапи до електронското досие на првостепениот предмет.

Во врска со модулот за анонимизација и објавување на одлуки на web-сајтот на судот состојбата е следната:

- Во текот на 2021 година објавени се вкупно 2473 одлуки.
- Заклучно со 31.12.2021 од страна на АС Штип се објавени вкупно 22.833 одлуки.

Проблем во врска со анонимизацијата:

- Со модулот на анонимизација автоматски не се анонимизираат сите лични податоци, а непотребно се анонимизираат имињата на градовите.
- Законскиот период во кој треба одлуките да стојат објавени е 5 години, а на новиот web портал на судот има објавени одлуки постари од 11 години.

Проблем во врска со пребарувањето на објавените одлуки:

При пребарување на одлуки на web-сајтот АС Штип до секој број на второстепен предмет има број на соодветниот првостепен предмет, но линкот до него (кој претходно беше погрешен) е отстранет, т.е. оневозможено е со клик на првостепениот број да се отвори одлуката на основниот суд.

Проблеми со електронската достава:

- Електронската достава на писмена до адвокатите кои имаат регистрирано сандаче на Порталот за е-достава се извршува бавно, потребни се повеќе обиди (при кои се добива порака за грешка) за успешно да се изврши е-доставата.
- Немаме интерконекција со Вишото јавно обвинителство и овој проблем не можеме самите да го решиме, потребна е интервенција од страна на одговорните за реализација на интерконекциите со ЈО.

Заради истекувањето на гаранциите на серверот и свичевите, набавката на резервни делови и тековното одржување наскоро ќе стане невозможно или нерентабилно. Кај серверите освен проблемот со амортизација и истекот на гаранциите, постои и проблем со постепено намалување на слободниот простор за

нови податоци, посебно за објавените одлуки и за скенираните документи со модулот е-приемно одделение. Затоа е неопходна целосна замена на истите, што повлекува потреба од навремено реализирање на централната набавка на нови сервери.

Заради тековното обновување на хардверот, неопходно е планирање на средства и набавување на лиценци за Microsoft Office, а за потребите за изготвување на информативни материјали – Информатори и Билтени пожелна е набавка на програми за графички дизајн, PDF Editor, софтвер за мултимедијални презентации и др.

Заради примена на Законот за заштита на лични податоци, заради обезбедување услови за безбедна и непречена комуникација, како и заради повеќекратно зголемување на лимитот на податоци кои електронски ги праќаме и примаме, за секој суд потребен е сопствен меил сервер, софтвер за автоматска енкрипција на податоци и софтвер за следење на логови на серверите.

## 9. Извештај за човечки ресурси

Апелациониот суд во Штип на почетокот на 2021 година имаше 53 вработени од кои 11 судии заедно со Претседателот на судот, 34 Судски службеници, 6 Припадници на судската полиција и 2 Хигеничарки.

По распишаниот јавен оглас 2/20 за прием на Самостоен референт - благајник и материјален книговодител и  Самостоен судски референт - Водител на писарница во кривичен оддел беа примени кандидатите Верица Плешкова, сега Павлова и Весна Темелкова и по правосилноста на одлуките истите на 01.03.2021 година стапија на работа во судот, така што бројот на судските службеници изнесуваше 36, а бројот на вработени се зголеми на 55 лица.

Апелациониот суд во Штип распиша уште два огласи и тоа оглас бр. 3/20 за прием на Помлад судски референт- доставувач и за Судски соработник и оглас бр. 4/20 за Хаусмајстор. Мегутоа, избраните лица по огласите бр.3/20 и бр.4/20 за кратко време беа превземени со спогодба меѓу Апелациониот суд Штип и Основен суд Штип и спогодба мегу Апелациониот суд Штип и Основниот суд Свети Николе. Имено, по оглас бр.3/20 беше примен на работа Марио Гицов како помлад судски референт-доставувач и  почна со работа во Апелационен суд Штип на ден 01.03.2021 година, а на 31.03.2021 година со спогодба беше превземен во Основен суд Штип - Одделение во Пробиштип. Стручниот соработник Трајче Крстев стапи на работа во Апелационен суд Штип на ден 09.04.2021 година, а беше превземен со спогодба во Основен суд Штип на ден 11.05.2021 година. По оглас бр.4/20 беше примен Дарко Колев хаусмајстор кој стапи на работа во Апелационен суд Штип на ден 02.02.2021 година, мегутоа на ден 28.02.2021 година со спогодба беше превземен во Основен суд Свети Николе.

Со решение на Судски совет на РСМ бр. 10-39/22 од 14.07.2021 година судијата на Апелационен суд Штип Зоранчо Мицевски времено е оддалечен од вршење на судиската функција до правосилно завршување на постапката за утврдување на одговорност на судија, а со решение на Судски совет на РСМ бр. 10-39/19 од 14.07.2021 година судијата на Апелационен суд Штип Сузана Здравева времено е оддалечена од вршење на судиската функција до правосилно завршување на постапката за утврдување на одговорност на судија, а за овие судии се уште правосилно не е завршена постапката, а судот  6 месеци работеше со

двајца судии помалку во граѓанска материја односно само тројца судии од граѓански оддел постапуваа по граѓанските предмети.

Со решение на Претседателот на Апелационен суд Штип Су.бр. 527/21 од 07.06.2021 година на судскиот службеник Слаѓанка Манева и престана работниот однос во судот, поради неоправдано отсуство од работа од 3 последователни работни дена во месецот, така што од 01.07.2021 година истата е одјавена од Бирото за вработување, а бројот на вработени во судот се намали за 1(еден) односно изнесува 54 вработени.

Во текот на месец декември 2021 година се распишаа Јавен оглас бр.1/21 за прием на Виш судски референт – координатот на техничка служба - возач, меѓутоа постапката се уште не е завршена бидејќи огласот бр.1/21 се објави на 14.12.2021 година и постапката ќе се заврши во 2022 година.

Во Апелациониот суд Штип моменталната структура на вработени е следната:

54 вработени од кои 11 судии зедно со Претседателот на судот, од кои 5 судии во кривичен оддел оддел и претседателот на судот кој воедно е Претседател на еден од двата кривични совети, а само тројца судии во граѓански оддел постапуваат по граѓански предемти, бидејќи останатите двајца судии од граѓански оддел од месец јули 2021 година се времено оддалечени од вршење на судиската функција и постапката се уште не е завршена, 1 (еден) Судски администратор, 1 (еден) Раководител на одделение за информатика, 14 (четиринаесет) Стручни судски службеници: (6 - Судски советници, 2 - Виши судски соработници, 2- Судски соработници и 3 - Помлади судски соработници, 1 Советник – информатичар), 1 (еден) Технички секретар на Претседателот, 10 (десет) Судски референти - дактилографи, 1 (еден) Самостоен судски референт - координатор на дактилобиро, 1 (еден) Самостоен референт - сметководител, 1 (еден) Самостоен референт – благајник и материјален книговодител, 1(еден) Самостоен судски референт - водител на писарница во граѓански оддел, 1 (еден) Самостоен судски референт - водител на писарница во кривичен оддел, 1 (еден) Самостоен судски референт - за прием и експедиција на пошта и архивар, 1 (еден) Виш судски референт- одговорен за одржување на судската зграда, 1 (еден) Помлад судски референт – доставувач, 6 (шест) Припадници на судската полиција и 2 (две) Хигиеничарки.

## Организациона поставеност и систематизација (судии и други вработени)

### Организациона поставеност

Согласно Судскиот Деловник Апелациониот суд Штип својата надлежност ја остварува преку канцеларијата на Претседателот на судот, кривичен оддел, граѓански оддел, судии за судска пракса, судска писарница и канцеларија за односи со јавност.

Во рамките на канцеларијата на Претседателот на судот работеа: Судскиот администратор, Техничкиот секретар на Претседателот на судот, Раководител на

одделение за информатика, Советник – информатичар, Благајник и материјален книговодител и Сметководител,. Судскиот администратор својата надлежност ја остварува самостојно и со помош на останатите вработени во канцеларијата на Претседателот на судот.

Во кривичниот оддел беа распоредени 5 судии и Претседателот на судот кој само претседаваше на еден од двата кривични совети, 4 стручни соработници и 5 дактилографи.

Во граѓанскиот оддел беа распоредени 5 судии кои постапуваа по граѓански предмети до крајот на јуни 2021 година, вкучувајќи го и Претседателот на судот кој беше член на еден од двата граѓански совети, а потоа двајца судии од граѓански оддел беа времено оддалечени од вршењето на судската функција, бидејќи е во тек постапка за утврдување на нивна одговорност пред Судскиот совет на РСМ, 9 стручни соработници и 6 дактилографи.

Во одделот за судска пракса беа распоредени 5 судии и тоа Претседателот на судот, двајца судии од кривичен оддел, двајца судии од граѓански оддел, двајца Судски советници по еден од кривичен оддел и еден од граѓански оддел и еден помал судски соработник во граѓански оддел.

Во судската писарница беа распореден еден Водител на писарница во граѓански оддел, еден Водител на писарница во кривичниот оддел и еден Референт за прием и експедиција на пошта и архивар.

Во рамките на судската писарница е и канцеларијата за односи со јавност. а Референтот за прием и експеција на пошта и архивар е и одговорен за односи со јавноста.

## Систематизација

### Судии

Согласно Одлуката на Судскиот совет на РМ бр. 02-2114/1 од 01.12.2015 година (Сл. весник на РМ бр. 213/15 од 03.12.2015 година) во Апелациониот суд во Штип се предвидени 16 судии заедно со Претседателот на судот. Апелациониот суд во Штип од 01.01.2021 година до 14.07.2021 година работеше со 11 судии, заедно со Претседателот на судот, а од 15.07.2021 година работеше со 9 судии, поради тоа што двајца судии од граѓанскиот оддел со Одлуки на Судски совет на РСМ бр. 10-39/22 од 14.07.2021 година и бр. 10-39/19 од 14.07.2021 година времено беа оддалечени од вршење на судиската функција, а која постапка се уште е во тек односно не е завршена.

Едно судиско место е во мирување бидејќи судијата Васка Петрова од јули 2016 година до јули 2020 година ја вршеше функцијата Претседател на Основен суд Виница, а од тогаш па до денес ја врши функцијата ВД Претседател на Основниот суд Виница. Четири судиски места не се пополнети и заедно со едно судиско место кои е во мирување, Апелациониот суд во Штип работи со пет судии помалку, не сметајки ги двете судиски места на двајцата судии кои од 14.07.2021 година се времено оддалечени од вршење на судиската функција.

**Судски службеници**

Вкупниот број на предвидени работни места, согласно Систематизацијата на работни места во судот изнесува 94 работни места и тоа: 78 судски службеници, 10 – судска полиција и 6 работни места според ЗРО.

Во Апелациониот суд во Штип моменталната структура на вработени е следната:

1 (еден) Судски администратор- категорија А

-1 (еден) Раководител на одделение за информатика- категорија Б

14 (четиринаесет) Стручни судски службеници- категорија В од кои:
(6 - Судски советници, 2 - Виши судски соработници, 2-Судски соработници и 3 - Помлади судски соработници, 1 Советник – информатичар).

19 (деветнаесет) Помошно - стручни судски службеници- категорија Г од кои:

1 (еден) Самостоен судски референт -Технички секретар на Претседателот, 10 (десет) Судски референти - дактилографи, 1 Самостоен судски референт - Координатор на дактилобиро, 1 (еден) Самостоен референт - Сметководител, 1(еден) Самостоен референт- Благајник и материјален книговодител, 1 (еден) Самостоен судски референт - водител на писарница во граѓански оддел, 1 (еден) Самостоен судски референт - водител на писарница во кривичен оддел, 1 (еден) Самостоен судски референт - за прием и експедиција на пошта и архивар, 1 (еден) Виш судски референт-одговорен за одржување на судската зграда и 1 (еден) Помлад судски референт – доставувач.

Судска полиција

- 6 (шест) припадници на судската полиција.

Вработени според ЗРО

- 2 (две) хигеничарки

Од вкупно предвидените работни места според систематизацијата на Апелациониот суд Штип непополнети работни места се следните:

Во категоријата Б – Раководни судски службеници, непополнети се 4 работни места и тоа:1 работно место - Раководител на кривичен оддел, 1 работно место - Раководител на граѓански оддел, 1 работно место-Раководител на одделение за материјално и финансиско работење и 1 работно место- Раководител на одделение за човечки ресурси.

Во категорија В Стручни судски службеници непополнети се 23 работни места и тоа: 4 работни места за Судски советник, 1 работно место-Советник информатичар, 1 работно место за Советник - финансов аналитичар, 1 работно место за Советник за односи со јавноста, 8 работни места за Виш судски

соработник, 6 работни места за Судски соработник, 2 работни места за Помлад судски соработник.

Бројот на непополнети работни места во 2021 година се разликува од бројот на непополнети работни места од годишниот извештај за 2020 година, поради тоа што во годишниот извештај за 2020 година е направена техничка грешка, па наместо 23 непополнети работни места стои 20 непополнети места, а во текот на годината не е имало  ниту вработување ниту престанок на вработување од категоријата В.

Во категорија Г -Помошно стручно судски службеници, непополнети се 16 работни места и тоа: 1 работно место Самостоен судски референт- водител на писарница во граѓански оддел, 1 работно место Самостоен судски референт-координатор на дактилобиро, 1 Виш судски референт- координатор на техничка служба, 1 Помлад судски референт-доставувач и 12 работни места за судски референти дактилографи.

Фактот што во 2020 година имало 17 непополнети места во категорија Г, а во 2021 година 16 непополнети места во категорија Г е поради фактот што две лица се вработија во месец март 2021 година од категорија Г, така што бројот на непополнети работни места се намали на 15, а во месец јули 2021 година на еден вработен од категорија Г му е даден отказ, така што бројот на непополнети работни места од категорија Г, сега изнесува 16.

**Судска полиција**

Од предвидените 10 работни места за судска полиција непополнети се следните 4 работни места  и тоа : 1 работно место- Припадник на судската полиција, 1 работно место - Координатор на судската полиција, 1 работно место- Командир на судската полиција, 1 работно место- Заменик командир на судската полиција.

**Работници според ЗРО**

Од предвидените 6(шест) работни места непополнети се следните работни места: 1(еден) работник во бифе, 1(еден) курир, 1(еден) возач и 1(еден) хаусмајстор или вкупно 4 работни места.

**Планирани и реализирани вработувања**

Согласно Годишниот план за вработувања на судот за 2021 год во Апелациониот суд Штип е предвидено вработување на 1 (еден) Виш судски референт- координатор на техничка служба, меѓутоа и покрај објавување на јавен оглас бр. 1/21 постапката за вработување не беше завршена во 2021 година, поради тоа што јавниот оглас се објави на 14.12.2021 година, така што постапката за вработување по објавениот јавен оглас ќе заврши во првото тромесечие од 2022 година.

Во 2021 година се реализираа вработувања кои беа огласени  во 2020 година и предвидени за 2020 година и тоа 1(еден) Самостоен референт- благајник и материјален книговодител и 1(еден) Самостоен судски референт - водител на писарница во кривичен оддел, кои стапија на работа на 01.03.2021 година, а поради тоа што јавните огласи беа распишани во декември 2020 година.

## Приоритетни вработувања

- **Четири Судии**

Според Одлуката на Судскиот Совет во Апелациониот суд во Штип предвидени се 16 судии заедно со Претседателот на судот, а моментално судот има 11 судии заедно со Претседателот и со едно судиско место кое е во мирување вкупно 12, што значи дека не се пополнети 4 судиски места.

Апелациониот суд Штип од 2016 година работи со намален број на судии, поради што неопходно е пополнување на четири судиски места, на кој начин Апелациониот суд во Штип ќе може поефикасно и навремено да ја извршува својата функција, а тоа ни е потребно и со цел формирање на поголем број на совети во граѓански и кривичен оддел. Имено, на 11.07.2016 на еден судија му престана функцијата поради смрт, на 13.07.2016 година еден судија е избран за Претседател на Основен суд Виница и истиот по истекот на мандатот е назначен за ВД Претседател на судот и оваа функција ја обавува до ден денес, а функцијата судија му мирува, на 15.09.2016 година тогашниот Претседателот на судот Стојанче Рибарев беше избран за судија на Врховен суд на РМ, на 14.03.2019 година еден судијата замина во старосна пензија, на 16.03.2020 година тогашниот Претседателот на судот Наќе Георгиев беше избран за судија на Врховен суд на РСМ.

На 05.09.2016 година беа избрани двајца судии во Апелациониот суд Штип, а за другите судиски места не се распишани огласи.

Во граѓанскиот оддел во 2021 година беа распоредени шест судии во два совети, во кој учествуваше и претседателот на судот, кој работи кривична материја Од месец јули 2021 година останаа само 3 судии во граѓански оддел, бидејки двајца граѓански судии беа времено оддалечени од вршење на судиската функција, поради што беше формиран само еден граѓански совет, кој е недоволен за нормално функционирање на судот имајќи го во рпедвид фактот дека дојде до зголемување на бројот на граѓански предмети, со што се доведе во прашање ажурноста на Апелационен суд Штип. Ова нешто се одрази и на годишниот извештај за 2021 година со бројка од 452 нерешени предмети од кои 418 -предмети од граѓанска материја.

- **Виш судски референт - координатор на техничка служба (кој ја врши функцијата на возач на службеното ПМВ)**

Со спогодба за вработување, без јавен оглас, преку трајно превземање склучена меѓу Апелационен суд Штип и ССРСМ на ден 08.06.2020 година, Судски совет од ден 13.06.2020 година трајно го превзеде нашиот вработен Виш судски референт координатор на техничка служба – возач, така што ова место од 13.06.2020 година е упразнето. Од тие причини, Апелациониот суд во Штип во Планот за вработување за 2021 година побара вработување на Виш судски референт - координатор на техничка служба, кој ја врши и функцијата на возач на службеното ПМВ, за да не остане судот без лице кое ќе го управува службеното возилото на судот, кој е неопходно потребно за правилно и навремено функционирање на судот.

За ова работно место распишан е јавен оглас бр.1/21 во декември 2021 година, кои ќе се заврши и ќе се реализира во 2022 година, така што ова работно место ќе се пополни.

- **Судски соработници**

Согласно Годишниот план за вработување на судот за 2022 година предвидени се двајца Судски соработници, бидејки согласно Систематизацијата на судот имаме предвидено 8 Судски соработници, а само две места се пополнети.

**Проценка на безбедносната состојба на вработените, странките, предметите и опременоста на судот според стандардите**

Безбедносната состојба на вработените, странките, предметите и опременоста на судот е на задоволително ниво. Имено во судот се вработени 6 припадници на судската полиција кои даваат голем придонес за безбедноста на вработените, судската зграда и странките. Судот целосно е опремен со видео надзор така што се поставени 9 камери на сите поважни места во судот и надвор од судот, а судскиот двор е ограден со бетонски зид, кована железна ограда и порти.

Во судот е поставен лифт за инвалидизирани лица како и патека за извалидска количка за да можат и овие лица да имаат пристап до судот, а во 2019 година се спороведе и реализира јавна набавка на метал детектор врата која е поставена на првиот кат, на влезот во Апелационен суд Штип.

Преку распишување на тендери за јавна набавка во 2019 година набавени се 40 персонални компјутери кои се распоредуваат кај сите вработени, еден ласерски печатар, заменети се дрвените прозори во големата сала со нови ПВЦ прозори и е набавено ново службено патничко моторно возило.

Предметите во судот се примаат во судската писарница која е опремена со големи и високи плакари, кои се заклучуваат, а исто така и судиите во своите канцеларии се опремени со ормари во кои ги чуваат предметите. Некои од судиите имаат и метални ормари каде ги чуваат предметите. Канцелариите на останатите вработени исто се опремени со неопходните и нужни предмети - ормари, бироа, столици, компјутери, а прозорците и вратите добро функционират и се заклучуваат. Апелациониот суд во Штип има резервни клучеви од сите канцеларии во случај на некаква елементарна несреќа и сл. Ноќно време дворот на судската зграда е осветлен со рефелектори за да подобро се контролира безбедноста на судот. На приземниот дел од судот е поставена елктронска врата заради безбедосни потреби кој ја контролираат припадниците на судската полиција. За време на јавните седници и расправи на судењата задолжително присуствува најмалку еден припадник на судската полиција.

Во случај на прекин на електричната енергија судот има набавено агрегат кој се уклучува автоматски неколку секунди по прекинувањето на електичната енергија, така што процесот на работа продолжува.

Судот е опремен со ПП апарати кои се поставени на видни места во судот во случај на пожар.

Судот поседува и електронска рампа за паркинг плацот и во судот можат да влегуваат само вработените кои имаа далечински управувачи.

На почетокот на 2017 година Апелационен суд Штип се здоби со сертификат за стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015. Согласно овој стандард изготвени се процедури со чија примена се овозможува безбедност на податоците, предметите и ИТ опремата во судот, а 29.12.2019 година е извршена ресертификација на сертификат за стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015, кој има важност 3 години.

Апелационен суд Штип врши електронска обработка на податоци во информацискиот систем кој претставува збир од сервер, мрежна опрема, персонални компјутери, печатачи, преносни медиуми и програмски алатки како поддршка на информацискиот систем.

Според процедурата ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОРИСНИЧКИ ПРИВИЛЕГИИ ЗА ОВЛАСТЕНИТЕ ЛИЦА КОИ ВРШАТ ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ врз основа на актот за систематизација и распоредот за работа секој вработен се распоредува во соодветна корисничка група со точно дефинирани привилегии за пристап до АКМИС системот и останатите податоци во ИТ системот.

Со процедурата ПРАВИЛА ЗА ПРИСТАП ДО СЕРВЕР САЛА се пропишува евидентирање на пристап во сервер сала со цел да се обезбеди: контрола над влегувањето и излегувањето од просторијата во која се сместени серверите и заштита и сигурност на податоците обработени во Апелационен суд Штип. Апелационен суд Штип воспоставува и применува мерки за физичка сигурност на информациските системи преку физичко обезбедување на работните простории и информатичко – комуникациската опрема каде што се собираат, чуваат и обработуваат податоци. Пристап до просториите каде е информациско – комуникациската опрема имаат судските службеници – информатичари, вработени во Апелационен суд Штип и други овластени лица од страна на Претседателот на судот. Физички пристап до просторијата во Апелационен суд Штип во која се сместени серверите има администраторот на информацискиот систем, кој е писмено овластен од страна на претседателот на судот, со прецизирање на неговото својство и со образложување на причините, односно потребата за издавањето на овластување за пристап. Друго лице може да добие пристап до сервер салата само со Решение за пристап до сервер сала издадено од претседателот на судот.

За да се обезбеди физичка сигурност на информациските системи сервер салата ги задоволува неопходните просторни, климатски и енергетски услови: антистатички подигнат под со минимум носивост 250 кг/м2, огноотпорна врата, нема прозорци и грејни тела, има редундантен разладен систем кој одржува постојана температура од 20ºC (максимум 25 ºC) и влажност од 40% (максимум 60%), изворот на напојување го задоволува EN50082 стандардот за електромагнетна компатибилност, има заземјување, влезот е обезбеден со видео надзор и со контрола на пристап од страна на судската полиција. Вратата на сервер салата се држи заклучена а клуч од истата има судскиот службеник-информатичар и судската полиција.

Апелационен суд Штип применува мерки и контроли за заштита на просторијата во која се сместени серверите, со цел заштита од ризиците во опкружувањето, вклучувајќи кражба и инсталира соодветни апарати и аларми за намалување на ризикот од пожар, експлозии, чад, вода, прашина, вибрации, хемиски влијанија, пречки во снабдувањето со електрична енергија и електромагнетско зрачење.

Со процедурите ФИЗИЧКА ЗАШТИТА И ВИДЕО НАДЗОР и ЕВИДЕНЦИЈА НА ЛИЦА КОИ ВЛЕГУВААТ ВО СУДОТ се пропишува начинот на вршење на видео надзорот во просториите на Апелационен суд Штип, како и начинот на евидентирање на лица кои влегуваат во зградата на АС Штип, со цел да се обезбеди: заштита на животот или здравјето на луѓето, заштита на сопственоста, заштита на животот и здравјето на вработените и лицата кои се присутни во судовите поради природата на работата и контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории.

Видео надзорот се врши преку камери поставени на девет места во и надвор од судската зграда, како и една посебна камера која е ставена во централниот ходник на први спрат. Снимките од деветте камери се зачувуваат на хард дискот од

системот за видео надзор кој се наоѓа во канцеларијата на  Претседателот на судот, а снимките од посебната камера се зачувуваат на хард дискот од системот за видео надзор кој се наоѓа судскиот администратор.

На влезот за странки и на влезот за вработените има службени лица од судската полиција кои вршат контрола на влез и излез на лица во судската зграда. Лицата адвокати и застапници во судските постапки се идентификуваат од страна на судската полиција врз основа на покана и притоа не се евидентираат при влез и излез во и од судската зграда, освен во случаите кога влегуваат во судската зграда како посетители.

## 10. Заклучок

Од дадените прикази на состојбата со предмети се констатира дека приливот на нерешени предмети во 2021 година не е совладан, бидејки заостатокот на нерешени предмети  е зголемен за 291 предмети ( во 2020 година останале нерешени 161 предмет, а во 2021 година 452 предмети). Мегутоа, бројот на нови предмети е зголемен во 2021 година за 250 предмети, од причини што во 2020 година имало 2573 новопримени предмети, а во 2021 година се примени 2823 нови предмети. Судот до 14.07.2021 година работеше со 11 судии, вклучувајки го и Претседателот на судот, а по овој датум судот работеше со 9 судии, бидејки со одлука на Судски совет на РСМ двајца судии од граѓанскиот оддел времено беа оддалечени од вршење на судиската функција до правосилно завршување на постапката за утврдување на одговорност на судија, поради што во судот останаа само тројца судии од граѓанска материја и се формира само еден Граѓански совет, кој го покриваше целото подрачје на Апелационен суд Штип, па од тие причини судот има заостаток од 452 нерешени предмети, од кои 418 предмети се граѓански предмети а само 34 се кривични предмети. На сето ова се надоврзува и фактот што на еден судија, кој исто така работеше во граѓанскиот оддел, функцијата му е во мирување, бидејки на 13.07.2016 година беше избран за Претседател на Основен суд Виница, а моментално е ВД Претседател на овој суд,  како и фактот што судот во претходната 2020 година до 16.03.2020 година работеше со 12 судии, вклучувајки го и Претседателот на судот, бидејки тогашниот Претседателот на судот, кој работеше граѓанска материја беше избран за судија во Врховен суд на РСМ, а ова судиско место не се пополни.

Вкупниот остаток од сите видови на незавршени предмети (452) доколку се подели на бројот на судиите (9) произлегува дека на ниво на суд секој судија има по 50,22 предмети просечно, што според просекот на вкупната месечна норма од сите видови на предмети по кои решава Апелациониот суд Штип претставува двомесечна норма по судија, ако се земе во предвид нормата на завршени предмети по судија според Одлуката на судскиот Совет на РСМ од 28.04.2021 година.

Констатираме дека квалитетот на донесените одлуки е на високо ниво со оглед на фактот дека во уписникот КЖ од кривичниот оддел укинати се 1,27 %, а преиначени се 0,25 % од вкупниот број на  решените КЖ предмети, додека во уписниците КСЖ, КЖМ, ПРКЖ и КР од кривичниот оддел нема укинати и преиначени одлуки. Во кривичен оддел укинати се 0,52 %, преиначени се 0,10 % од вкупниот број на решени КЖ, КСЖ, КЖМ, ПРКЖ и КР предмети.

Во уписникот ГЖ од граѓански оддел укинати се 1,06 %, а преиначени се 0,30 % од вкупниот број на решени ГЖ предмети. Во уписникот ТСЖ од граѓански оддел укинати се 4.00 %, а преиначени се 0,50 % од вкупниот број на решени ТСЖ предмети. Во уписникот РОЖ од граѓански оддел укинати се 0,44 % од вкупниот број

на решени РОЖ предмети, а преиначени се 0,15 % од вкупниот број на решени РОЖ предмети. Во уписникот Р од граѓански оддел нема укинати и преиначени одлуки. Во граѓански оддел укинати се 1,14 %, преиначени се 0,25 % од вкупниот број на решени ГЖ, ТСЖ, РОЖ и Р предмети.

Седници на судиите и судски оддели редовно се одржуваат и се расправаат прашања од нивната надлежност.

И понатаму останува актуелна потребата од набавка на нови сервери и постојано осовременување на информатичката опрема за да може да се остварат обврските од процесните закони.

Секако треба да се спомене и фактот дека и судот како и останатите институции работеа во време на пандемија поради корона вирусот, повеќето од судиите и судската администрација беа по повеќе денови отсутни поради корона вирусот, а заради заштита од корона вирусот се презедоа мерки со редуцирање на вработените, така што се работеше во две групи, а работното време беше скратено.

Од гореизнесеното, јасно произлегува дека заради навременото решавање на судски предмети во Апелационен суд Штип, имајќи го во предвид зголемениот број на ново примени предмети во 2021 година- 2823 предмети кои се за 250 предмети зголемени по однос на ново примените предмети во 2020 година, како и зголемениот број на заостаток на нерешени предмети кој е зголемен за 291 предмет по однос на 2020 година, нужна е потребата за прием на нови судии во Апелационен суд Штип и во Граѓански и во Кривичен оддел.

Јануари 2022 год.

Претседател на судот,
Корнелија Давчева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АПЕЛАЦИОНЕН СУД I ШТИП